Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), од Демир Хисар, ја барам следната информација од јавен карактер:

**Податоци за:**

1. **Поединечно доделени средства преку Општината Демир Хисар до крајните корисници од буџетска ставка 463 -Трансфери до невладини организации, во 2025 г. (Табела 1**).
2. **Поединечно доделени средства преку Општината Демир Хисар до крајните корисници- невладини организации од друга буџетска ставка (различна од 463-Трансфери до невладини организации), во 2025 г. (по примерот на Табела 1).**

Форма во која ја бараме информацијата:

а) увид,
б) препис,
в) фотокопија,
**г) електронски запис во вид на Табела бр. 1 (во word или excel документ), дадена подолу,**
д) друго ____________________

**Датум:** 05.05.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** бр. 18-435/1, 05.05.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.05.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со трансфери до невладини организации во 2025 година, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со трансфери до невладини организации во 2025 година.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.05.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.05.2026 година под архивски број 18-435/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 05.05.2026 година, под бр. 18-435/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурс

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Почитувани,
Согласно Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации за 2025 година бр.08-249/1 од 02.03.2026 година, доделени се средства опишани во табеларниот приказ:

| Буџетска ствка-463 Трансфери до невладини организации за 2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поставка | Примател | Назив на предлог-проект | Износ во денари | Јавен оглас/без јавен оглас |
| 110 | Здружение на дијабетичари „Сончева светлина“ Демир Хисар | Финансиска помош за реализација на програма за работа | 25.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | ОО на СБМ Демир Хисар | Финансиска помош за реализација на програма | 14.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | ЗГ „Медлика Мед“ Демир Хисар | Финансиска помош | 30.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | Здружение „Про локал“ Битола | Реновирање на дом во с.Суводол | 62.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | Здружение „Ателје Св.Лука“ Слепче, Демир Хисар | Изработка на икони за потребите на општината | 16.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | ЗГ „ИЛИ НИК“ Големо Илино | Одржување на објект-културно наследство | 30.000,оо | Без јавен оглас |
| 110 | ЗГ „Завештание“ Бабино, Демир Хисар | Организирање манифестација | 5.000,оо | Без јавен оглас |
| Вкупно | | | 182.000,оо | |

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

----------------------------------------------